З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за употреба на српскиот и ромскиот јазик во работата на Советот на Општината Куманово

1. Се објавува Одлуката за употреба на српскиот и ромскиот јазик во работата на Советот на Општината Куманово. Бр. 07- 5027/15, што Советот на Општината Куманово ја донесе на седницата одржана на 4 мај 2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-5595/1 Градоначалник
5 мај 2010 година на Општина Куманово,
Куманово **Зоран Дамјановски,с.р.**

190.

Врз основа на член 90, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 134, став 3 од Статутот на Општината Куманово (Службен гласник на Општина Куманово " бр. 13/03 9 13/07); Советот на Општината Куманово, на седницата одржана на 4 мај 2010 година, донесе

О Д Л У К А

за употреба на српскиот и ромскиот јазик во работата на Советот на Општината Куманово

Член 1

Со оваа одлука се уредува употребата на српскиот и ромскиот јазик и нивните писма во работата на советот како јазик и писмо на кој зборуваат помалку од 20% од жителите на Општината Куманово, како и во други случаи пропишани со закон.

Член 2

На седниците на Советот на Општината Кумнаово, членовите на советот, припадници на српската и ромската етничка заедница и другите етнички заедници, можат да го употребуваат мајчиниот јазик и писмо.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 07- 5027/15 Совет на Општина Куманово
4 мај 2010 година Претседател,
Куманово **Виктор Цветковски,с.р.**